# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТОТ

**LYSOBACT® таблети за шмукање**
**20 mg/10 mg**
**lysozyme/pyridoxine**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.**

- *Овој лек може да го купите и без лекарски рецепт. Потребно е да се придржувате кон препораките во ова упатство, како би со примената на лекот добиле најдобри резултати.*
- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.*
- *Ако се јави серизозно несакано дејство или ако забележите несакано дејство кое не е опишано во ова упатство, веднаш кажете му на Вашиот доктор или фармацевт.*

**Упатството содржи:**

*1. Што претставува LYSOBACT® таблети за шмукање и за што се употребува*
*2.Што мора да знаете, пред да го употребите лекот LYSOBACT® таблети за шмукање*
*3. Како да го употребувате лекот LYSOBACT® таблети за шмукање*
*4. Можни несакани дејства*
*5.Како да го чувате лекот LYSOBACT® таблети за шмукање*
*6. Дополнителни информации*

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА LYSOBACT® таблети за шмукање И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Лекот LYSOBACT® таблети за шмукање содржи две активни супстанции: лизозим хидрохлорид и пиридоксин хидрохлорид (витамин од групата “B”).
Лекот LYSOBACT® таблетите за шмукање припаѓа на групата лекови кои делуваат на респираторниот систем-локален антисептик.
Лекот се употребува кај возрасни пациенти и деца на возраст над 6 години за третман на блага болка во грлото која не е придружена со зголемена телесна температура, афти и ранички во устата.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ЛЕКОТ LYSOBACT® таблети за шмукање ?

*Предупредете го Вашиот доктор ако земате други лекови, имате некоја хронична болест, нарушување на метаболизмот, ако сте преосетливи на некои лекови или сте имале алергиска реакција на некој лек.*

**Немојте да употребувате LYSOBACT® таблети за шмукање ако:**

- сте алергични ( преосетливи ) на некоја од активните супстанции (лизозим, пиридоксин) или било која од помошните состојки на лекот LYSOBACT® таблети за шмукање .
- ако Вашето дете е на возраст под 6 години.

*Ако не сте сигурни дали треба да започнете лекување со LYSOBACT® таблети за шмукање, кажете му на Вашиот доктор.*

**Употребувајте го лекот LYSOBACT® таблети за шмукање со посебни мерки на претпазливост**

Употребата на високи дози пиридоксин (Витамин В6) во текот на подолг временски период (подолго од неколку месеци дури и години) може да доведе до појава на состојба позната како сензорна невропатија (со симптоми како трнење, нарушена рамнотежа, тресење на рацете и стопалата и нарушена координација на движењата). Овие симптоми се повлекуват по прекин на третманот.

Лекот LYSOBACT® таблети за шмукање не смее да се употребува подолго од 5 дена бидејќи може да доведе до нарушување на рамнотежата на нормалната микрофлора во усната празнина со појава на ризик од бактериска или габична инфекција.

***Болести на слузницата на устата и грлото***

Во случај на појава на други симптоми (силна воспалителна реакција во грлото со висока телесна температура, гној во плунката, отежнато голтање), при влошување на постоечките симптоми или доколку состојбата не се подобри во рок од 5 дена мора да побарате совет од Вашиот доктор.

***Афти (ранички на слузницата на устата)***

Ако промените кои ги имате се прошират или долго траат или Ви се јави зголемена телесна температура веднаш обратете се за совет кај вашиот доктор.

**Употреба на други лекови**

*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако до неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт, ако земате хербални производи или додатоци во исхраната.*

Не смеете да применувате повеќе антисептици истовремено.

Овој лек содржи лизозим хидрохлорид и пиридоксин хидрохлорид. Постојат и други лекови со сличен состав. Не смеете да ги употребувате овие лекови истовремено со лекот LYSOBACT® таблети за шмукање за да не ја надминете максималната дозволена доза (видете дел дозирање и начин на употреба).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

**Бременост и доење**

***Бременост***

*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек. Ако сте бремени или мислите дека сте бремени, информирајте го Вашиот доктор.*

Како мерка на претпазливост, лекот Lysobact® таблети за шмукање не треба да се применува за време на бременост.

***Доење***

Нема доволно податоци дали лизозим се излачува во млекото на мајки кои дојат; пиридоксин се излачува во мајчиното млеко. Lysobact® таблети за шмукање не се препорачува за употреба за време на доење.

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**

LYSOBACT® таблетите за шмукање немаат влијание врз способноста за управување на автомобил или работа со машини.

**Посебни предупредувања за некои од помошните супстанции на лекот**

Лекот LYSOBACT® таблети за шмукање содржи лактоза. Доколку имате нетолеранција кон некои шеќери, информирајте го Вашиот доктор пред да почнете да го употребувате овој лек.

**КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ LYSOBACT® таблети за шмукање**

*Строго придржувајте се кон упатствата за употреба на лекот.*
*Ако мислите дека лекот ви делува премногу слабо или премногу јако, посоветувајте се со доктор или фармацевт.*

**Дозирање**

Лекот LYSOBACT® таблети за шмукање е наменет за употреба кај возрасни пациенти и деца на возраст над 6 години. Вообичаена доза е 6-8 LYSOBACT® таблети за шмукање, на ден.

**Начин на употреба**

Таблети за шмукање полека се растопуваат во устата под јазикот. Помеѓу секое дозирање мора да помине временски период од најмалку 1 час.

**Времетраење на третманот**

Третманот треба да трае 5 дена. Доколку симптомите Ви траат подолго од 5 дена и/или ако Ви се јави висока телесна температура треба да се обратите за совет кај доктор.

**Ако сте зеле поголема доза од лекот отколку што е потребно:**

*Ако сте зеле поголема доза од лекот отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

Употребата на високи дози на лекот во текот на подолг временски период (подолго од неколку месеци дури и години) може да доведе до појава на состојба позната како периферна невропатија (со симптоми како трнење, нарушена рамнотежа, тресење на рацете и стопалата и нарушена координација на движењата). Овие симптоми обично се повлекуват по прекин на третманот.
*Во случај на предозирање веднаш обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт или во најблиската здравствена установа.*

**Ако сте заборавиле да земете LYSOBACT® таблети за шмукање**

*Ако сте заборавиле да го примените лекот, не применувајте двојна количина од лекот дополнително, туку продолжите со примената на лекот според вообичаениот распоред.*

Ако сте заборавиле да го земете лекот LYSOBACT® таблети за шмукање, пропуштената доза треба да ја примите што е можно побргу и да продолжите со примената во вообичаените интервали. Не применувајте двојна доза од лекот одеднаш да би ја надоместиле пропуштената доза.

**Ако нагло престанете да го земате лекот LYSOBACT® таблети за шмукање:**
Нагол прекин на земањето на лекот нема да има штетни последици по Вашиот организам.

## 3. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА ЛЕКОТ LYSOBACT® таблети за шмукање

*Како и сите лекови, LYSOBACT® може да предизвика несакани дејства. Не се вознемирувајте поради оваа листа на несакани дејства бидејќи тие не се јавуваат кај сите пациенти.*
Може да дојде до појава на алергиски реакции како:

- исип по кожата, силен јадеж по кожата, фотосензитивност (пречувствителност на сончева светлина);
- тешки алергиски реакции (анафилактичен шок), нагло отекување на лицето и вратот (Quinke-ов едем).

*Ако забележите било какви знаци кои би можеле да бидат несакано дејство на LYSOBACT® таблетите за шмукање, а не се опишани во ова упатство, веднаш известете го Вашиот доктор или фармацевт.*

## 4. ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ LYSOBACT® таблети за шмукање
Да се чува на температура до 30°C.
*Лекот да се чува на места недостапни за децата !*

**Рок на употреба**
5 години.
*Лекот не смее да се употребува после истекот на датумот на употреба што е наведен на пакувањето. Истекот на датумот на употреба е до последниот ден од месецот што е наведен на пакувањето.*

## 5. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи лекот LYSOBACT® таблети за шмукање**

***Активни супстанции:***
Една LYSOBACT® таблета за шмукање содржи 20,0 mg лизозим хидрохлорид и 10 mg пиридоксин хидрохлорид (витамин Б6).
***Помошни супстанции***: лактоза, трагакант, сахарин натриум, магнезиум стеарат и ванилин.

**Како изгледа лекот LYSOBACT® таблети за шмукање и содржина на пакувањето**
Таблети за шмукање. Бели до скоро бели таблети со мазни, неоштетени рабови и округла форма, со втисната поделбена линија на едната страна и рамна, мазна површина на другата страна. Таблетите за шмукање се со дијаметар од 8 mm.

Блистер Al-PVC фолија со 10 таблети за шмукање. Пакување со 30 таблети за шмукање (3 блистери со по 10 таблети за шмукање).

**Производител и носител на одобрението за промет**

**Производител:** БОСНАЛИЈЕК, фармацевтска и хемиска индустрија, акционерско друштво, Јукичева 53, Сараево, Босна и Херцеговина.

**Носител на одобрението за промет:** Претставништво БОСНАЛИЈЕК Д.Д., во Република Македонија, бул.Партизански Одреди бр.101, 1000 Скопје, Република Македонија.

*Ако сакате и други информации во врска со овој лек, Ве молиме контактирајте го носителот на одобрението за промет во Република Македонија на следниот телефонски број: 02 30 90 255.*

**Начин на издавање**
Лекот може да се издава во аптека и без рецепт.

**Број и датум на одобрението за ставање на лекот во промет**

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Октомври 2014

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •